ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-2918/1
30.12 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Антикорупциска програма на Општина Чешиново-Облешево со Акциски план за 2026 година

Вовед

Од настанувањето на државата,а заедно со неа и на власта,корупцијата е инхерентна и неизбежна појава во сите општества,низ целата човекова историја.Се наметнува прашањето-зошто феноменот на корупција го поврзуваме со појавата на државата,односно власта? Имено дали корупцијата не постоела и пред појава на државата,односно во денешно време-дали корупција нема и надвор од јавната сфера, за се она што според превалентните морални стандарди се нарекува "расипаност" или пак, според важечките правни норми на националните законодавства се санкционирани повеќе кривични дела и прекршоци кои би можеле да се поведат под поимот – корупција.Одговорот на овие прашања неминовно се поврзува со прашањето-Што, всушност, подразбираме под поимот корупција? Дали под поимот корупција ќе се подразбира морално сомнителните,недопуштени девијантни однесувања на сите субјекти во општеството,без оглед на нивните статусни (или условно кажано службени) својства или ќе се применува легалистичкиот пристап за третирање на корупцијата строго според санкционираните позитивно правни норми на националните законодавства и меѓународно правни конвенции. Корупцијата претставува злоупотреба на јавните овластувања и позиции за лични,приватни и партиски користи.

Корупцијата не само што го нарушува процесот на носење на одлуки туку навлегува во сите пори на општествениот развој. Таа е присутна насекаде:политиката, медиумите,здравството,бизнис заедницата,судството,граѓанскиот сектор, кај граѓаните,како и во другите општествени гранки. Затоа земјите ширум светот постојано вложуваат напори да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините влијаниа врз граѓаните.

Поаѓајки од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните и ја оневозможува правдата Општина Чешиново-Облешево во борба против корупцијата изготви Антикорупциска програма со Акциски план кои има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата,да придонесе за нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава,како и да обезбеди квалитетна,ефективна и ефикасна јавна служба,целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис на сите граѓани.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Листа на поими:

Корупцијата се појавува во бројни форми од кои најчесто застапени се следните:



Корупција:Наједноставно може да се дефинира како злоупотреба или искористување на јавната функција,положба или должност со пречекорување или неизвршување на доверените јавни овластувања,со цел за остварување на лични,приватни или партиски интереси од материјална или нематеријална природа.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Под поимот "ризик од корупција" се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која представува можност за појава на корупција во рамките на државни органи,јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кои ги вклучува прашањата за судир на интереси,неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи,измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања,финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон,тргување или недозволено користење на информации,транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

Со оглед на тоа што корупцијата како сложен,мултидимензионален феномен,не е едно од најголемите зла,туку,буквално најголемо општествено зло во чиишто корени се раѓаат најзначајните проблеми на цивилизацијата (војните, тероризмот, сиромаштијата, невработеноста и сите други неправди од различен вид) потребно е да бидеме информирани за да можеме да ги препознаеме најсуптилните,но истовремено и најтемни страни на политичката и морална корумпираност на поединците кога истите се борат за влас.

Под овој поим се опфатени и поимите :

Пасивна корупција-примање или барање,директно или индиректно,од страна на кои било јавен службеник или избран функционер,од кое било приватно или јавно правно лице од државата или странство,од транснационална компанија или од домашно или странско физичко лице која било форма на финансиско плаќање, заем, донација (спонзорство), награда,подарок,хонорар или друга корист со тоа што таквиот службеник или функционер треба да направи нешто што е во рамките на неговите службени дожности или да пропушти (да се воздржи)да направи нешто што е во рамките на неговите службени или законски должности.

Пасивната корупција ја врши само службено лице.

Активна корупција-нудење,ветување или давање финансиско плаќање, заем, подарок, донација (спонзорство),награда,хонорар или друга корист,директно или индиректно од страна на приватно или јавно и приватно лице од државата или странство,транснационална компанија,од домашно или странско физичко лице,на јавен службеник или избран функционер,да направи нешто што е во рамките на неговите службени или законски должности,или да не направи,односно да се воздржи од извршување на неговите законски или службени должности.

Активната корупција ја врши било кое лице.

Во зависност од положбата на сторителите на коруптивните активности во хиерархиската поставеност на државата и јавната администрација,како од големината на штетата и општествената опасност што може да биде предизвикана се разликуваат неколку типови корупција:

- висока корупција
- средна корупција
- ниска корупција

Високата корупција има најразорно дејство,бидејќи поради ефектите од угледот и престижот на моќта на службеното лице,станува дополнителна причина за корумпирање на пониските слоеви на власта и во сите други сфери на јавниот живот.Таа овозможува и го поттикнува корумпирањето на сите структури во општеството.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Средната корупција е лоцирана кај средниот (вториот,третиот и четвртиот) ешалон во државната хиерархија,што зависи од обликот на организационо-функционалната поставеност на политичкото и административното организирање.
Ниската корупција се одвива помеѓу најниските слоеви на администрацијата,на пример-јавни службеници,полицајци,здравствени,образовни,судски,царински,општински,културни,шалтерски работници и сл.

Јавен интерес-јавниот интерес,онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси,представува "заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот,спречување на ризиците за здравјето,одбраната и безбедноста,заштита на животната средина и на природата,заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото,владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата".
Јавно овластување-подразбира овластување,пренесено од страна на државната или локалната власт,на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.
Службена должност-се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе,а кои произлегуваат од вршење на одредена функција или професија,односно од службената положба на тоа лице.
Приватен интерес-материјален или нематеријален интерес на службено лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности.
Судир на интереси-состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
Интегритет-законито,независно,непристрасно,етичко,одговорно и транспарентво вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице,ги елиминира ризиците и ги отстрануват сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршење на јавните функции и во работата на јавните институции.
Корупцијата,по природа на работите се создва и се врши во и преку власта,сеедно од чија страна потекнуваат иницијативите за неа,додека високиот тип на корупција,според самата своја етиологија и законитоста на нејзината тенденција ео ipso(само по себе) и ipso facto (по природа на работите) суштински е лоцирана кај највисоките носители на политичката власт,а не по периферните делови на административната и економска бранша,иако е неспорно дека и таму ја има.Корупцијата треба да биде разгледувана во нејзината најширока смисла,што не значи само во нејзината еднодимензионална криминогена структура на давање и примање мито,што бездруго ја представува нејзината централна категорија.Меѓутоа,корупцијата не е само криминал.Таа е честопати на границата меѓу општествено санкционираните деликти и неморалот,но,исто така,во многу средини и културен образец на морално допуштено однесување.Оттука,без интердесципинаран пристап кон нејзино проучување,не може да се откријат корените,да се објаснат последиците,како и докрај да се демистифицираат сите појавни облици на сложените детерминистички структури што од неа произлегуваат.

Како посебни видови на корупција се издвојуваат:непотизам,кронизам и политичка патронажа.
Непотизам-како појава може да се препознае во сите оние ситуации кога определен јавен функционер ја злоупотребува својата позиција,овластување,или влијание за да постави на определени места во јавната администатација,или други државни органи,свои блиски роднини,односно да ги вработи во некои од нив.

Кронизам-е појава слична на непотизмот,со таа разлика што овде наместо за блиски роднини,се работи за блиски пријатели или другари.

Клиентелизам (протекција,патронажа) -како појава има многу допирни точки со кронизмот,но таа во една клучна точка битно се разликува од него.Патронажата представува таков вид корупција каде што како средиште се јавува заштитата,поткрепата од некој "моќен" влијателен човек,кој што ќе застане цврсто позади интересите на својот клиент.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство представува кршење на интегритетот.Интегритетот пак,од друга страна представува квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Последици од корупцијата

Корупцијата иако се реперкуира буквално,врз сите делови во општеството,таа посебно е сериозна :

- Од економски аспект –со нејзиното разорно дејство,особено во неразвиените земји го разорува и онака слабото ткиво на кревката економија,супституирајќи ги економските законитости на слободен пристап на пазарот,конкуренцијата и претпреимништвото,со монополски и слични други нерамноправни позиции стекнати преку корупција,со што се оневозможува економскиот развој и се стопираат неопходните странски инвестиции;
- Од политички аспект –корупцијата ги делигитимира представниците на политичките институции,со што се губи довербата во политичкиот систем и во демократијата како современ метод за донесување одлуки.
- Од правен аспект –со корупцијата се губи правната сигурност на граѓаните и воопшто на сите домашни и странски правни субјекти.
- Од социјален аспект-мултиплицирањето на последиците од предходните сфери придонесува тие да станат причини за крајните последици од корупцијата,меѓу кои најеклатантно се изразени:сиромаштијата и нееднаквоста на луѓето пред законот.

Како главни коруптивни дела се јавуваат кривичните дела против службената положба,уредени во глава 30 од Кривичниот законик,кои ги имаат следниве основни карактеристики:насочени се против службената положба,се извршуваат во текот на вршењето на службената должност или овластување и нив ги врши службено лице.КЗ не го дефинира поимот "службена должност".Во правната теорија и практика овој поим се смета за динамична категорија и опфаќа вршење на широк дијапазон на овластувања и работи поврзани со функциите на органите на државната власт (законодавна,извршна,судска), како и вршење на јавните овластувања во правните лица кој имаат јавни функции. Од друга страна,покрај службените лица,како сторители на овие дела може да се јават и носители на јавни функции и одговорни лица.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Годишен план за проценка на ризици од курупција за 2026 година

Проценката кон ризици од корупција е првиот чекор од процесот на подготовката на Годишниот план за спречување на корупцијата во Општина Чешиново-Облешево.Направена е анализа на факторите на ризици на системот како целина. Главен акцент во антикорупцискиот план е ставен на вработените и раководството. Преку јакнење на нивниот професионален и личен интегритет од нив се очекува да ги извршуваат професионално работите,согласно законите,прописите и другите пропишани норми и со тоа смело да се спротивстават на корупцијата.

Теоретски,доколку некој од вработените или раководството свесно ги злоупотребува својата положба и овласувања за директно или индиректно понудена, дадена, ветена, побарана, прифатена,или очекувана корист материјална или нематеријална или друга придобивка за себе или за некој друг,ставува збор за корупција.Праксата досега покажува дека вработените во Оштината ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што е индикатор дека службениците може да препознаат и да се справат со можноста за пробивање на корупцијата во делокругот на работењето.

Корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото,па затоа е потребно колку е можно повеќе индивидуите и институциите да работат на нејзино спречување.За да се намалат негативните последици кои настануваат од корупцијата,тенденција на Општината е да се воспостави цврста политика за борба против корупцијата,заради заштита на граѓаните и државата,а особено заради воспоставување и почитување на владеење на правото.

Со оглед на ризиците што се наметнуваат од областа на корупцијата,Општина Чешиново-Облешево има потреба од дефинирани алатки и механизми со кои ќе ги заштити внатрешните процеси и постапки.Во рамки на надлежноста и делокругот на работење засега не се идентификувани фактори кои го отежнуваат функционирањето на општината.Сепак долгорочно, општината изготвува антикорупциски план кој го адаптира и наметнува како обврска и за вработените и за граѓаните, како круцијална алка во целиот процес.

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службениците преку доследно почитувањето на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во Општината.Имајќи го во предвид наведеното во Годишниот план за антикорупција на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година се утврдени областите каде најчесто постои ризик за појава на корупција и тоа:

1. Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидатите за вработување;
2. Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можноста за корупција;
3. Зајакната контрола и надзор во јавни набавки во склучувањето на договори;
4. Јакнење на алатките за отчесност и транспарентност во раборењето како и зајакнување на граѓаните во ЕЛС и мотивирање да пријават корупција;
5. Постапка за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина;

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

1. Почитување на начелата на стручност и компетентност при селекција на кандидатите за вработување;

Справување на институцијата со корупцијата ќе започне со испраќање на јасна порака до сите дека корупцијата нема да остане несанкционирана и ќе се води според следниве законски принципи: начело на законитост, начело за еднакви услови, начело на стручност и компетентност,начело на професионална етика непристрасност и објективност,почитување на законските приписи,кодексот за етичко однсување и кодекс за административни службеници.

- Начело на законитост

Вработените во јавниот сектор ги вршат работите и работните задачи во согласност со Уставот,Закон,други прописи донесени врз основа на закон и меѓународните ратификувани договори во согласнот со Уставот.

- Начело на еднакви услови

Ова начело подразбира еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност. Согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работно место,имат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен ,односно јавен оглас.

- Начело на стручност и компетентност

Вработувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на јавен оглас,при што во транспарентна,фер и конкурентна постапка на селекција се избира најстручниот и најкомпетентниот кандидат.

- Начело на професионална етика,непристрасност и објективност

При извршување на работите и работните задачи,вработените во јавниот сектор задржуваат високи стандарди за личниот интегритет,професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

- Почитување на законски прописи,кодексот за етичко однесување и кодекс за административни службеници

Правната рамка е основа за пренесување на минималните задолжителни стандарди и принципи на однесување на секој јавен службеник. Законите и прописите би можеле да ги утврдаат фундаменталните вредности на јавната служба и треба да ја обезбедат рамката на управување, истражување и дисциплинска постапка.

Вработените се раководат според однесувањето на своите претпоставени. Оттука од суштетвено значење е секој обид за намалување на корупцијата да биде предводен од највисоките функционери, кои отворено ќе ја искажат својата поддршка на кампањата.

2.Јакнење на свеста и едуцирање на вработените за можноста за корупција

Акцентот во спротивставувањето со корупцијата во голема мера има и интегритетот на вработените.Под поимот "интегритет" се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата. Со обезбедување на едукации и со почитување на законските норми,службениците ќе можат соодветно да одговорат на сите предизвици кои можат да произлезат од корупцијата.

Општина Чешиново-Облешево ќе назачи и одговорно лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување (овластено лице). На овластеното лице ќе му бидат обезбедени потрбните услови за работа,кои пак ќе овозможат негова независност и непреченост во работата.Покрај тоа ЕЛС ќе пропише процедура за прием на пријави од укажувачи,издвојување и обработка на податоци, заштита на личните податоци и други податоци.

3. Зајакната контрола и надзор во јавни набавки и во склучувањето на договори;

Службеното лице не смее да врши незаконско дејствие во постапката за јавна набавка.Постапките за јавни набавки во целост се спроведуват преку електронскиот систен за јавни набавки и истите се транспарентни како и јавно достапни за јавноста.
Исто така отчетното управување со јавните финансии е од витално значење а во таа насока ЕЛС ја препознава работата од ажурно споделување со јавноста на годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки.

4. Јакнење на алатките за отчесност и транспарентност во раборењето,зајакнување на довербата на граѓаните во ЕЛС и мотивирање да пријават корупција ;

Во ера на голема достапност од различни извори на информации,како и на лесно достапни можности за пласирање на информации или дезинформации,голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на ЕЛС,како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува.Ова може да резултира со поткупување на довербата на граѓаните во ЕЛС,како и со помала можност да се идентификуват и пријавуваат потенцијални коруптивни практики.

Затоа,со цел да се зајакне довербата на граѓаните кон ЕЛС, Општина Чешиново-Облешево, обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во нејзиното работење.ЕЛС го овозможува ова преку транспарентно и навремено објавување на информации за нејзината работа преку користење на релевантни канали за информирање.

Општина Чешиново-Облешево континуирано ќе ги користи сите расположливи ресурси за информирање за да споделува информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да ја спречи нејзината појава.

На овој начин,Општина Чешиново-Облешево ќе придонесе во борба против корупцијата и ќе помогне во напорите за зголемување на свесноста на јавноста за корупцијата,земајќи предвид дека свесноста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата е основен дел на која било ефективна стратегија за превенција на корупцијата.Со тоа, не само што ќе се споделуваат и обелоденуваат суштинските информации за корупцијата,доколку повеќе ,на службениците и граѓаните ќе им се даде импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики и политики.

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

5. Постапка за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина;

Цел на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското упрвување заради постигнување на следниве општи цели:

- ✓ Вршење на работите на правилен,етички,економичен и ефективен начин;
- ✓ Усогласување на работењето со законите,другите прописи;
- ✓ Заштита на имотот и другите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување,неправилно трошење и користење,како и од неправилности и злоупотрби;
- ✓ Правилно евидентирање на финансиските трансакции;
- ✓ Навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето.

Можни ризици од корупција на вработените во општина Чешиново-Облешево се :

- судир на интереси;
- подароци и спонзорства;
- лобирање;
- незаконски барања.

Годишниот план за спречување на корупција во Општина Чешиново-Облешево е дезајниран да дејствува првенствено, што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата,јакнење на функционалноста на системот и враќање на довербата во него,јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори.Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кој резултираат со континуирано намалување на корупцијата,а нејзината имплементација ќе испрати силна порака дека борбата против корупцијата конечно се остварува.

Модерното "отворено општество" бара партиципација на граѓаните во донесувањето на важни одлуки.Во поглед на донесувањето на буџетот општината на сите граѓани им дава можност преку своите месни заедници да достават предлог-програма во која ќе предложат идеии или проекти кој сметаат дека треба да бидат дел од Буџетот за следната година.

Општина Чешиново-Облешево како транспарентна општина има и веб страна на која се презентираат сите тековни активности,со што секој граѓанин е во можност да биде информиран навремено за остварување на неговите права и обврски,да учествува во јавните повици,притоа почитувајќи ги законските норми.

Имплементацијата на еден систем за спречување на корупцијата,бара посветеност на сите вработени,од високото раководство до најниските позиции.Таа не е само почетна формална посветеност,туку мора да биде долгорочна,одржлива со текот на времето и поддржана од политиките и конкретните активности во кои,на еден или друг начин,учествуваат сите чинители.

Посветеноста ќе биде искажана преку постојано јакнење на свеста на сите вработени во општината за ризиците од корупцијата и нулта толеранција кон неа.

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-933
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Акциски план за 2026 година

1.Јавни набавки и финансиско работење		
Активност:Обука за јавни набавки за вработените во Оделението,како и лицата/членови во Комисијата за јавни набавки	Носител на активноста: Одделение за нормативно правни работи	Временска рамка: Во тек на 2026 година Континуирано
Активност: Споделување со јавноста на буџетот, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки	Носител на активноста: Одделение за финансики прашања	Во тек на 2026 година
2.Човечки ресурси		
Активност:Донесување на Решение за определување на лице Офицер за Заштита на лични податоци	Носител на активноста: Одделение за човечки ресурси	Временска рамка Прва половина на 2026 година
Активност:Донесување на Решение за назначување на лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување	Носител на активноста: Одделение за човечки ресурси	Временска рамка Прва половина на 2026 година

Лице за интегритет
Наташа Серафимова

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов